Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/05; 81/05; 24/07; 159/08; 83/09; 48/10; 124/10; 51/11; 123/12; 93/13; 187/13; 42/14; 44/2015; 129/15; 192/15; 39/16 и 99/18), Министерство за животна средина и просторно планирање на ден _____________ година, донесе

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. УП1-15-296/2021
11-03-2021 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Долгорочна стратегија за климатска акција на Република Северна Македонија за периодот 2020- 2050 година, потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот Долгорочна стратегија за климатска акција на Република Северна Македонија за периодот 2020- 2050 година се определуваат: Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за економија (сектори за енергетика и индустрија), Кабинет на потпретседателот на Владата задолжен за економски прашања, Секретаријат за европски прашања, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (сектори за земјоделство, шумарство и снабдување со вода), Министерство за транспорт и врски, Агенција за енергетика, МАНУ, Факултет за информатички технологии (ФИНКИ), бизнис комори, граѓански здруженија и сл.

3. Планскиот документ Долгорочна стратегија за климатска акција на Република Северна Македонија за периодот 2020- 2050 година, е подготвен во рамки на ЕУ финансираниот проект „Подготовка на долгорочна стратегија и закон за климатска акција“ кој го реализира конзорциум предводен од ГФА консалтинг груп. Документот го донесува Министерство за животна средина и просторно планирање. Донесувањето на планскиот документ ќе има влијание врз животната средина.

4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: влијание врз население и човеково здравје, влијание врз социо- економска состојба, влијание врз подземни и површински води, влијание врз почва, влијание генерирање отпад, влијание врз амбиентниот воздух, влијание врз биолошка разновидност, природно и културно наследство и влијание од несреќи и хаварии. Во извештајот треба да се предвидат мерки за надминување на идентификуваните влијанија и да се предвидат мерки за следење на влијанијата.

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерство за животна средина и просторно планирање на адреса: www.moepp.gov.mk.

6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен

однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Државен секретар
Каја Шукова

Изготвлил: Сашка Брблиќ, помошник раководител на сектор